РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 03-1108/16
23.06.2025 год. vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Приватна агенција за вработување
АНТОРИС
Бр. 0307/488-1
23.06.2025 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

за набавка на услуги од приватна Агенција за вработување за потребите на општина Јегуновце

Склучен помеѓу договорните страни:

1. Општина Јегуновце со седиште на с.Јегуновце 1215, Република Северна Македонија, ЕМБС 6013244 ЕДБ 4028004145069 застапувана од градоначалникот Димитар Костадиноски (во понатамошниот текст „Работодавач корисник„) во една страна и:

2. **Приватна агенција за вработување АНТОРИС Скопје** адреса МАЈКА ТЕРЕЗА 44 ,ЕМБС 6616755 И ЕДБ 4080010513900 , застапувана од управителот Александра Аврамовска од друга страна (во понатамошниот текст агенција).

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓу себните права и обврски на договорните страни во врска со набавка на услуги од агенција за привремени вработување за потребите на општина Јегуновце, согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-1108/2 од 15.05.2025 година , по спроведена поедноставна отворена постапка **08648/2025** на ЕСЈН и Одлука за избор на најповолна понуда бр. 05-1108/13 од 30.05.2025 година.

I.Предмет на договорот

Член 2

Предмет на овој Договор е отстапување на работници, со Агенцијата се обврзува на Работодавачот корисник да му отстапи работници за вршење на привремени работи, а работодавачот корисник се обврзува да и плати на агенцијата определен надомест, согласно Законот за приватни агенции за вработување.

Член 3

Приватна агениција за вработување може врз основа на овој договор за отстапување на работник да отстапи работник на работодавач корисник за вршење на привремени работи во случај на:

1.Замена на привремено отсутен работник
2.Привремено зголемен обем на работа
3.Сезонска работа
4.Работа на проект
5.Специфични неконтуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавач корисник и
6.Непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршење на претежната дејност на работодавачот корисник.

II.Обврски на работодавачот корисник

Член 4

Работодавачот корисник е должен до Агеницијата да достави Барање за привремено ангажирање на работник кое ќе содржи (назив на фирмата, работно време, опис на работното место, висина на нето плата и други надоместоци до колку ги исполнува во поглед на стручната подготовка, работно искуство, познавање на странски јазици и останати квалификации кои потенцијалните кандидати треба да ги исполнуваат).
Барањето треба да е потпишано од одговорното лице и да биде заверено со печат.

Член 5

Работодавачот корисник е должен да ги обезбеди просториите, опремата и средствата со кои привремениот работник треба да ја извршува работата како и да обезбеди инструкции за заштита на привремениот работник од несреќа и професионално заболување.

Член 6

Работодавачот корисник се обврзува редовно да доставува списоци за редовност на лицата ангажирани преку Приватна Агенција за Вработување Анторис во текот на последниот работен ден од месецот.

Член 7

Работодавачот корисник е должен на Агенцијата да и го исплати договорениот надомест во време и на начин како што е тоа определено со договорот.

III. Обврски на агенцијата

Приватната Агенција за вработување Анторис со овој договор ќе му понуди на работодавачот корисник работници кои ги исполнуваат условите наведени во барањето, а работодавачот корисник се обврзува да ангажира определен број од понудените членови.

Член 8

Ако работникот претрпи несреќа или професионално заболување, клиентот е должен веднаш да ги извести надлежните органи и да биде составен извештај за настанот во кој ќе бидат наведени сите факти кои се поврзани со несреќата, со што би се утврдило во кој обем е несреќата, и причините за несреќата или професионалното заболување.

Член 9

Лицата кои ќе бидат ангажирани преку ПАВ Анторис ќе бидат осигурени во осигурителната компанија доколку корисникот тоа го побара во дополнително барање
Тип на осигурување: колективно, осигурување на вработени од несреќен случај (незгода).

IV.Цена на надоместокот

Член 10

ПАВ Анторис согласно спроведената постапка за јавна набавка, привремените вработувања ги врши со наплата на надоместок за услугите од работодавачот корисник во износ од 1,99 % од бруто платата на лицата ангажирани преку Агенцијата вклучувајќи и други надоместоци до колку ги исплатува работодавачот.
Провизијата на понудата изразена во проценти вклучувајќи ги сите трошоци и попусти изнесува 1,99% проценти од бруто платата на секој работник поединично. На истиот се плаќа 18% ДДВ.
Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, потврдени и уредно заверени.

V.Начин на плаќање

Член 11

Плаќањето на цената на овој договорот , ќе се изврши по претходно доставената финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ и тоа во рок од 30 дена по доставана фактура.

Член 12

Доколку работодавачот, корисник не ја исплати фактурата добиена од Агенцијата во рок од 30 дена , тој се обврзува да плаќа камата согласно позитивните законски прописи.

VI.Времетраење на договорот

Член 13

Договорните страни го склучуваат овој договор за период од **1 година**, со можност за негово продолжување, односно до исцрпување на средствата утврдени во јавната набавка во висина од 3.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 14

Доколку работодавачот корисник не е задоволен од работата и однесувањето на ангажираните лица потребно е навреме писмено да ја извести Агенцијата.
Договорот за вработување агенцијата за привремени вработувања или отстапениот работник можат да го раскинат привремено со писмено известување од страна на работодавачот корисник.

VII. Завршни одредби

Член 15

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и дополнување е должна своето барање од другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.
Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.
За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 16

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решатт спогодбено, во духот на взаемна соработка и добри деловни односи ќе ги решава надлежен Основен Суд.

Член 17

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

ПАВ Анторис -Скопје
Управител
Александра Аврамовска